# Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

Дата: 27-08-2025

Архивски број: 02-7640/45

До: **Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации**

Предмет: Јавен повик за изразување интерес за запишување во листата на економски оператори заради реализација на вредносни ваучери за студенти за набавка на електронски уреди бр.02-7640/1 од 1.8.2025

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за учество на Јавниот повик за изразување интерес за запишување во листата на економски оператори заради реализација на вредносни ваучери за студенти за набавка на електронски уреди бр.02-7640/1 од 1.8.2025 година, на ден 14.08.2025 година Ве известивме преку системот www.uslugi.gov.mk дека Комисијата го разгледа Вашето барање со приложените документи и утврди дека не **ги исполнувате потребните услови** дефинирани во Јавниот повик, Законот за издавање на вредносни ваучери („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154 од 29.07.2025 година) и Упатството за начинот и постапката за спроведување на јавен повик за економски оператори за реализација на вредносни ваучери за електронски уреди објавено на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија на ден 01.08.2025 година.

На ден 18.08.2025 година од ваша страна беше доставен приговор со број 02-7640/44 со докази во прилог ( извод од НКД рев.2 од 2008 година и извадок од НКД рев2.1 од 2025 година на Државниот завод за статистика). На ден 22.08.2025 година, Комисијата го разгледа приговорот и утврди дека регистрираната дејност под шифра 47.42- Трговија на мало со телекомуникациска опрема во специјализирани продавници кореспондира со приоритетната дејност / главна приходна шифра 47.400 – Трговија на мало со информатичка и комуникациска опрема, па следствено произлегува **дека ги исполнувате условите** од Член 6 став 1 од Упатството за начинот и постапката за спроведување на јавен повик за економски оператори за реализација на вредносни ваучери за електронски уреди.

Со почит,

Комисија за проверка на документацијата поднесена од економски оператори и упис на правните лица во Листата на економски оператори, во состав:

Заменик Претседател: Надица Младенова
Член: Стојанчо Радичевски
Заменик Член: Даниел Николов

**Влада на Република Северна Македонија**

Генерален Секретаријат

Врз основа на член 10 став 3 од Законот за издавање на вредносни ваучери (Службен весник на Република на Северна Македонија бр. 154 од 29.07.2025 година) Генералниот Секретаријат објавува :

## ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТА НА ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОРИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВРЕДНОСНИ ВАУЧЕРИ ЗА НАБАВКА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ УРЕДИ

Во Листата на економски оператори за реализација на вредносни ваучери за набавка за електронски уреди, согласно Законот за издавање на вредносни ваучери (Службен весник на Република на Северна Македонија бр. 154 од 29.07.2025 година) се дополнува со следниот економски оператор :

1. Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации, Скопје

Бр. 01-7640/45

2025 година

Скопје